Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 април 2007 година.

Бр. 07-1579/1
10 април 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

Член 1

Во Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006 и 30/2007), во членот 3 ставот 1 се менува и гласи:

"Средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон."

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

"Средното образование во јавните средни училишта е бесплатно."

Ставот 2 станува став 3.

Член 2

Во членот 113 став 1 алинејата 1 се брише.

Алинеите 2, 3, 4, 5 и 6 стануваат алинеи 1, 2, 3, 4 и 5.

Член 3

Насловот на Главата XII "КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ" се менува и гласи: "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ".

Член 4

Во членот 118 став 1 зборовите: "Со парична казна од 40.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок средното училиште особено ако" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на средното училиште, ако:".



www.pravdiko.com

Во ставот 2 зборовите: "Со парична казна од 10.000 до 40.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок" .

Во ставот 3 зборовите: "Со парична казна од 5.000 до 20.000 денари се казнува" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

По ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

"Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на родителот, односно старателот на малолетниот ученик, доколку ученикот не е запишан во средно училиште или нередовно го посетува училиштето (член 3).

Глоба во износ од 800 евра во денарска противвредност ќе се изрече на полнолетниот ученик кој нередовно го посетува училиштето (член 3)."

Член 5

Во членот 119 став 1 зборовите: "Со парична казна од 60.000 до 250.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на".

Во ставот 2 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок ".

Во ставот 3 зборовите: "Со парична казна од 8.000 до 20.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок".

Член 6

Одредбата од членот 1 на овој закон, која се однесува на задолжителното и бесплатно средно образование, ќе започне да се применува од генерацијата која ќе се запише во средното образование во учебната 2008/2009 година.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".



www.pravdiko.com